20120631796

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 54 став 1 точка 8 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011 и 26/2012), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата оджана на ден 5 април 2012 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ ЗА ДНЕВНА БОЛНИЦА И БОЛНИЧКИ ДЕН ВО БОЛНИЧКАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Во Одлуката за утврдување на референтни цени за дневна болница и болнички ден во болничката здравствена заштита (број 02-18660/15 од 15.12.2011 година), во член 2 став 1, во табелата по услугата со шифра ДБ03, се додава следната табела:

Шифра	Назив на услугата	Референтна цена
ДБ04	Дневна болница за апликација на медикаментозна терапија под 4 часа	130

Во член 2 став 2, во табелата по услугата со шифра ДС03, се додава следната табела:

Шифра	Назив на услугата	Референтна цена
ДС04	Болнички ден во стационар со вклучени здравствени услуги и медикаментозна терапија за болни во геронтологија	760

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-5573/30
5 април 2012 година
Скопје

Управен одбор
Заменик на претседателот,
Јован Грповски, с.р.